Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по географија за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕОГРАФИЈА

**IX ОДДЕЛЕНИЕ**

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да стекнува знаења за природните географски карактеристики на Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија со Океанија и поларните области Арктик и Антарктик (географска положба, релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет);
- да се запознае со основните карактеристики на населението на Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија со Океанија;
- да се запознае со регионалната поделба на на Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија со Океанија;
- да стекнува знаења за природните и социо-географските карактеристики на региите: Северна, Источна, Западна, Централна и Јужна Африка; Северна, Средна и Јужна Америка и Австралија и Океанија;
- да се запознае со државите кои припаѓаат на издвоените региони на континентите Африка, Америка, Австралија со Океанија;
- да стекнува знаења за економско-географските карактеристики на регионите;
- да стекнува знаења за географските карактеристики на поларните области Арктик и Антарктик;
- да се запознае со карактеристичните подрачја од регионите на континентите;
- да ги покажува на тактилна географска карта природните географски карактеристики на континентите
- да ги издвојува на карта стопански најразвиените делови на континентите;
- да стекнува знаења за елементите кои ја сочинуваат животната средина, факторите загадувачи на животната средина и нејзината заштита.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: ПРИРОДИТЕ ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АФРИКА 8 часа (5+3) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае по тактилен или аудитивен пат со местоположбата и големината на континентот Африка;<br>- да ги опишува границите на Африка;<br>- да стекне основни знаења за откривањето на Африка; | Африка - географска положба, големина и откривање | континент<br><br>Африка<br><br>проток<br><br>Гондвана | -Користење на тактилна/релјефна физичка карта на Светот и определување на положбата на африканскиот континент;<br><br>-Користење на тактилна/релјефна физичка карта на Африка за опис на граничната линија; |
| - да се оспособи да го опишува релјефот на Африка;<br>- да умее да ги објаснува разликите во староста на релјефните облици на Африка;<br>- да се оспособи да ја објаснува бреговата линија на Африка; | Релјеф и брегова разгранетост | планински масиви<br><br>висорамнини<br><br>ерг<br><br>тектонски ров | -Набљудување на тактилна/релјефна карта за согледување и опишување на релјефот на Африка;<br><br>-Користење на Google Earth во комбинација со говорен звучен програм и тактилна/релјефна географска карта за согледување на бреговата разгранетост;<br><br>- Изработка на проект за релјефотпреку прибирање на нагледни тактилни и пишани материјали на Брајово писмо; |
| - да стекнува знаења за климатските фактори и влијанието врз просторот на Африка;<br>- да се запознае со климатските типови на просторот на Африка;<br>- да умее на тактилна/релјефна | Климатски карактеристики | kлиматски типови<br><br>климатски фактори | - Користење на тактилна/релјефна географска карта за согледување на распространетоста на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| карта да ја покажува распространетоста на климатските типови;<br><br>- да стекнува знаења за хидрографските карактеристики на Африка;<br><br>- да се оспособи да ги покажува на тактилна/релјефна карта реките, речните сливови и езерата;<br><br>- да умее да го поврзе значењето на водите со животот на населението; | Хидрографски карактеристики<br><br>Реки и езера | речна мрежа<br><br>делта<br><br>водопади<br><br>корито<br><br>брег<br><br>водни ресурси | климатските типови;<br><br>- Идентификација на хидрографските објекти на географска карта;<br><br>- Користење на Google Earth во комбинација со говорен звучен програм за визуелно и аудитивно препознавање на хидрографијата на Африка; |
| **ТЕМА II: НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО НА АФРИКА - 3 часа** (2+1) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги запознава некои од основните карактеристики на населението на Африка (број на жители, густина на населеност, природен прираст, народи, раси, вери, јазици);<br><br>- да стекне сознанија за главните природни ресурси на Африка, нивното простирање и значење за развој на стопанството;<br><br>- да се запознае со основните стопански карактеристики на Африка; | Карактеристики на населението во Африка<br><br>Стопански карактеристики во Африка | број на жители<br><br>густина на населеност<br><br>природен прираст<br><br>Арапи<br>Туарези<br>Бушмани<br>Бедуини<br>Хотентоти<br>Пигмејци | - Користење на тематска тактилна/релјефна карта за демографските карактеристики на Африка;<br>- Набљудување на тактилна/релјефна тематски карти за густината, природниот прираст, народите и јазиците во Африка;<br>- Групирање на собрани аудио материјали или материјали од интернет со примена на говорен звучен програм за населението на Африка и изработка на проект;<br>- Изработка на постер и тактилна/релјефна тематски карти, за распространетоста на позначајните групи; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи да ги издвои стопански најразвиените делови на Африка;<br><br>- да се запознае со доминатните стопански карактеристики на Африка. | | нафта<br><br>злато<br><br>дијаманти | - Изработка на тактилна/релјефна тематска карта за разместеноста на природните ресурси на Африка;<br>- Изработка на тактилна/релјефна тематска карта за главните стопански гранки во Африка. |

| **ТЕМА III: РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АФРИКА - 14 часа (10+4)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се запознае по тактилен пат со регионалната поделба на Африка;<br>-да се оспособи да ја објасни географската положба на Северна Африка;<br>-да се оспособи на тактилна/релјефна карта да ги покажува државите во Северна Африка;<br>-да се запознае со географските особини на карактеристичните подрачја во Северна Африка (Сахара, Атлас, Нил, Црвено Море);<br><br>-да се оспособи по вербален пат да ја објасни географската положба на Источна Африка; | Северна Африка<br><br>Преглед на државите во Северна Африка<br><br>Карактеристични подрачја во Северна Африка<br><br>Источна Африка | регија<br><br>држава<br><br>Џамахирија<br>Кралство<br><br>Сахара<br><br>Оази<br><br>Атлас<br><br>Нил<br><br>Викторија<br>Тана<br>Бел и Син | -Разгледување на тактилна/релјефна тематска карта за регионалната поделба на Африка Северна Африка (Египет, Судан, Либија, Тунис, Алжир, Мароко, Западна Сахара, Мавританија);<br>-Изработка на постер или извештај на Брајово писмо за географските карактеристики на поважните држави во Северна Африка;<br>- Разгледување на пишани, тактилни, аудио и видео материјали за карактеристичните подрачја во Северна Африка;<br>- Изработка на тактилен постер за секое од карактеристичните подрачја во Северна Африка;<br><br>-Изработка на тактилен постер за географските карактеристики на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се оспособи натактилна/релјефна карта да ги покажува државите во Источна Африка;<br>-да се запознае со географските особини на карактеристичните подрачја во Источна Африка (езеро Викторија, Нил, Килиманџаро);<br><br>-да се оспособат по вербален пат да ја објаснат географската положба на Јужна Африка;<br>- да се оспособат на тактилна/ релјефна карта да ги покажуваат државите во Јужна Африка;<br>-да се запознаат со географските особини на карактеристичните подрачја во Јужна Африка (Намиб, Калахари, Викторини водопади, Островот Мадагаскар)<br>- да се оспособи по вербален пат да ја објасни географската положба на Централна Африка;<br>- да се запознае со географските особини на карактеристичните подрачја во Централна Африка (басенот на реката Конго, езерото Чад);<br>- да се запознаат со географските особини на карактеристичните подрачја во Јужна Африка (Намиб, Калахари, Викторини водопади, Островот Мадагаскар)<br>-да се оспособи по вербален или тактилен пат да ја објасни | Преглед на државите во Источна Африка<br><br>Карактеристични подрачја во Источна Африка<br><br>Јужна Африка<br>Преглед на државите во Јужна Африка<br>Карактеристични подрачја во Јужна Африка<br><br>Централна Африка<br>Преглед на државите во Централна Африка<br>Карактеристични подрачја во Централна Африка | Нил<br><br>Етиопската Висорамнина<br>Килиманџаро<br><br>Намиб<br>Калахари<br>Викториини водопади<br><br>Басен<br><br>Конго<br><br>прашума<br><br>савана<br><br>маниока<br><br>каучуково дрво<br><br>Гвинејски Залив<br><br>Камерунски Планини | поважните држави во Источна Африка;<br>- Разгледување на пишани, тактилни, аудио и видео материјали за карактеристичните подрачја во Источна Африка;<br>- Изработка на тактилен постер за секое од карактеристичните подрачја во Источна Африка.<br>- Изработка на тактилен постер за географските карактеристики на поважните држави во Јужна Африка;<br>- Разгледување на пишани, тактилни, аудио и видеоматеријали за карактеристичните подрачја во Јужна Африка;<br><br>- Изработка на тактилен постер за секое од карактеристичните подрачја во Јужна Африка.<br><br>- Изработка на тактилен постер за географските карактеристики на поважните држави во Централна Африка;<br>- Разгледување на пишани, тактилни, аудио и видеоматеријали за карактеристичните подрачја во Централна Африка<br>- Изработка на тактилен постер за секое од карактеристичните подрачја во Централна Африка<br>- Изработка на тактилен постер за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| географската положба на Централна Африка;<br>-да се оспособи на тактилна/ релјефна карта да ги покажува државите во Централна Африка;<br>-да се запознае со географските особини на карактеристичните подрачја во Централна Африка (реката Конго, езерото Чад); | Западна Африка<br>Преглед на државите во Западна Африка<br>Карактеристичи подрачја во Западна Африка | Нигер<br>Волта<br>Гвинејска топла струја | географските карактеристики на поважните држави во Западна Африка;<br>- Разгледување на пишани, тактилни, аудио и видеоматеријали за карактеристичните подрачја во Западна Африка; |

| **ТЕМА IV: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕВЕРНА АМЕРИКА - 8 часа (5+3)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**<br>- да се запознае по тактилен пат со местоположбата на Северна Америка и нејзината големина;<br>- да стекне сознанија за откривањето на Северна Америка;<br>- да умее да ја опишува релјефната структура на Северна Америка;<br>- да се оспособи да ја опишува бреговата линија на Северна Америка;<br>- да стекнува знаења за климатските фактори и влијанието врз просторот на Северна Америка;<br>- да се здобие со основни познавања за хидрографските особини на | Северна Америка<br>Географска положба големина и откривање<br>Релјеф и брегова разгранетост<br>Климатски одлики | Канадски Штит<br>Карпести Планини<br>Апалачки Планини<br>лагуни<br>торнадо<br>слив<br>делта | - Користење на тактилна/релјефна физичка карта на светот и определување на положбата и релјефот на Северна Америка;<br>- Користење на Гоогле Еартх придружено со употреба на говорен звучен програм;<br>-Примена аудио ЦД за вербално опишување на бреговата линија на Северна Америка;<br>-Користење на тактилнна/релјефна географска карта за согледување на распространетоста на климатските типови;<br>-Прибирање на материјали од интернет со употреба на говорен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Северна Америка;<br>- да умее на тактилна/релјефна карта да ги покаже реките, речните сливови и езера на Северна Америка;<br>- да умее да го препознава на тактилна/релјефна карта распостранувањето на растителниот свет;<br>-да се запознае сокарактеристиките на животинскиот свет на Северна Америка. | Хидрографски карактеристики<br><br>Растителен и животински свет | тундра<br><br>листопадни шуми<br><br>прерии<br><br>степи | звучен програм за последиците од торнадото;<br>- Користење на Гоогле Еартх придружено со употреба на говорен звучен програм за визуелно и/или аудио препознавање на хидрографијата на Северна Америка;<br>-Користење на тактилна/релјефна тематска карта за осознавање на распространетоста на растителниот свет на Северна Америка;<br>- разговор за карактеристиките на животинскиот свет на С. Америка |

| ТЕМА V: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУЖНА АМЕРИКА - 8 часа (5+3) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае по тактилен или аудио пат со местоположбата на Јужна Америка и нејзината Големина;<br>-да стекне сознанија за откривањето | Јужна Америка<br><br>Географска положба, | Бразилска Висорамнина<br><br>Амазон | -Користење на тактилнна/релјефна физичка карта на светот и определување на положбата на Јужна Америка;<br>-Набљудување/тактилно перцепирање на тактилнна/релјефна карта за согледување и опишување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на Јужна Америка;<br>- да умее да ја опишува релјефната структура на Јужна Америка;<br>-да се оспособи да ја опишува; бреговата линија на Јужна Америка;<br>-да стекнува знаења за климатските фактори и влијанието врз просторот на Јужна Америка;<br>- да стекнува основни познавања за хидрографските особини на Јужна Америка;<br>-да умее на тактилнна/релјефна карта да ги покаже реките, речните сливови и езера на Јужна Америка;<br>-да умее да го препознава на тактилнна/релјефна карта распостранувањето на растителниот свет;<br>-да се запознае со животинскиот свет на Јужна Америка. | големина и откривање<br><br>Релјеф и брегова разгранетост<br><br>Климатски одлики<br><br>Хидрографски Карактеристики<br><br>Растителен и животински свет | Анди<br><br>лагуни<br><br>климатски типови<br><br>тропски шуми<br><br>савани<br><br>љаноси<br><br>кампоси<br><br>пампаси<br><br>Галапагос<br><br>Фокланди | на релјефот на Јужна Америка;<br>-Користење на Гоогле Еартх придружено со употреба на говорен звучен програм на тактилна/релјефна географска карта за согледување на бреговата разгранетост;<br>-Изработка на проект за релјефот преку прибирање на нагледни/тактилни и пишани материјали на Брајова писмо;<br>-Користење на тактилна/релјефна географска карта за согледување на распространетоста на климатските типови ихидрографските објекти;<br>-Користење на Гоогле Еартх придружено со употреба на говорен звучен програм за визуелно/ аудитивно препознавање на хидрографијата на Јужна Америка;<br>-Користење на тактилна/релјефна тематска карта за само осознавање на распространетоста на растителниот свет на Јужна Америка. |

**ТЕМА VI: НАСЕЛЕНИЕ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АМЕРИКА -15 часа (10+5)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги запознава некои од основните карактеристики на | Северна Америка | бројно движење<br><br>густина на | -Користење на тактилна/релјефна тематска карта за демографските карактеристики на Америка; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| населението на Америка;<br>- да се запознава со регионалната поделба на Америка;<br>- да се оспособи на тактилна/ релјефна карта да ги покажува државите во Северна Америка;<br>- да ги осознае основните географски карактеристики на Соединетите Американски Држави и Канада<br>- да се запознае со поважните особини на карактеристичните подрачја во Америка (Карпести Планини, Големите Езера, Градски агломерации: Бостон, Њујорк, Филаделфија, Торонто, Вашингтон);<br><br>- да се оспособи на тактилна/ релјефна карта да ги покажува државите во Централна Америка;<br><br>- да се оспособи да ги препознава основните географски карактеристички на карактеристичните подрачја во Централна Америка (Мексикански Залив, Панамски Канал, Вулканска Област, Антили, Кариби)<br><br>-да се оспособи на тактилна/ | Карактеристики на населението во Америка<br><br>Географија на Соединетите Американски Држави<br><br>Географија на Канада<br><br>Карактеристични подрачја во Северна Америка<br><br>Централна (Средна) Америка<br><br>Преглед на државите во Централна Америка<br><br>Карактеристични подрачја во Централна Америка | населеност<br><br>природен прираст<br><br>раси<br>јазици<br>култури<br>имиграција<br>емиграција<br><br>Федерална држава<br><br>округ<br>територија<br><br>Сојузна држава<br><br>Република<br><br>градски агломерации<br><br>конурбација<br><br>Антили<br><br>Кариби | -Набљудување на тактилна/ релјефна тематски карти за густината, природниот прираст, народите и јазиците во Америка;<br>-Групирање на собрани материјали за населението на Америка и изработка на постер или извештај на Брајово писмо;<br>- Разгледување на фотографии или слушање на аудио материјали за сличностите и разликите помеѓу различните народи во Америка (Мулати, Местици, Креоли, Замбоси);<br>-Разгледување на тактилна/ релјефна тематска карта за регионалната поделба на Америка;<br>-Прибирање на пишани на Брајово писмо и визуелни или аудио материјали за географските карактеристики на поважните држави во Америка;<br>-Изработка натактилна/релјефна тематски карти за разместеноста на енергетските потенцијали на Америка;<br>- Разговор со учениците за значењето на енергијата за стопанскиот развој на Америка;<br>-Прибирање на фотографии, графикони или материјали на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| релјефна карта да ги покажува државите во Јужна Америка;<br><br>-да се запознае со природните географски карактеристики на Бразил и Аргентина;<br><br>-да се оспособи да ги препрознава основните географски карактеристики и карактеристичните подрачја во Јужна Америка (Анди, Амазонија, Гран Чако, Патагонија). | Јужна Америка<br><br>Преглед на државите воЈужна Америка<br><br>Географија на Бразил и Аргентина;<br><br>Карактеристични подрачја во Јужна Америка | Анди<br><br>Панамски канал<br><br>Амазонија<br><br>Атакама<br><br>Ла Плата<br><br>Патагонија<br><br>Огнена Земја<br><br>Мажеланов Проток | Брајово писмо и др. нагледен материјал за најразвиените индустриски гранки и користење на Гоогле Еартх придружен со говорен звучен програм за препознавање на стопанските региони во Америка;<br>-Прибирање на визуелни материјали или аудио материјали за издвоените карактеристични подрачја;<br>-Разговор за географските карактеристики на карактеристичните подрачја и нивното значење.<br>-Изработка на постер или извештај на Брајово писмо за географските карактеристики на Бразил и Аргентина;<br>-Прибирање на материјали од интернет со употреба наговорен звучен програм за карактеристичните подрачја во Јужна Америка;<br>-Изработка на презентации на постер или во Пауер Поинт  со употреба на говорен звучен програм за одделни подрачја во Јужна Америка. |

| ТЕМА VII: ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АВСТРАЛИЈА СО ОКЕАНИЈА 5 часа (3+2) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со местоположбата на Австралија и нејзината големина;<br>- да се оспособи да ја опишува бреговата линија на Австралија;<br>- да умее да ја опишуваат релјефната структура на Австралија;<br>- да стекнува знаења за климатските фактори во Австралија;<br>- да умее да го препознаваат на тактилна/релјефна карта распостранувањето на вегетациските зони;<br>- да се здобие со основни познава за хидрографските особини на Австралија;<br>- да умее на тактилна/релјефна карта да ги покаже реките, речните сливови и езера на Австралија;<br>- да се здобие со основни познавања за растителниот и животинскиот свет на Австралија;<br>- да стекне основни сознанија за | Австралија<br><br>Австралија -природно-географски и социо-економски одлики | коралeн гребен<br><br>спруд<br><br>еукалиптус<br><br>Кенгур<br><br>Динго<br><br>Коала<br><br>Ему<br><br>Абориџини | -Набљудување/тактилно перцепирање и користење на тактилна/релјефна физичка карта на Австралија;<br>- Користење на тактилна/релјефна географска карта за визуелно/тактилно согледување на бреговата разгранетост;<br>- Користење на тактилна/релјефна географска карта и за визуелно/ тактилно согледување на релјефот;<br>- Согледување на географската распространетост на климатско-вегетациските зони во Австралија;<br>- Изработка на климатско Вегетациска тактилна/релјефна карта на Австралија;<br>- Собирање и групирање на тактилно или пишани на Брајово материјали за специфичностите на растителниот и животинскиот свет на Австралија.<br>- Користење на тактилна/релјефна тематска карта за демографските карактеристики на Австралија;<br>- Разгледување на тактилна/релјефна тематска карта за стопанските карактеристики на Австралија; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| карактеристиките на населението во Австралија;<br>- да се здобие со основни занења за главните стопански гранки во Австралија;<br>- да умее на тактилна/релјефна карта да ги издвои стопански најразвиените делови од Австралија.<br><br>- да се стекне со основни познавања за природно-географските карактеристики на Океанија;<br><br>- да се здобие со основни познавања за социо-економските карактеристики на Океанија;<br><br>- да се запознае по тактилен или аудио пат со регионалната поделба на Австралија и Океанија;<br><br>- да умее на тактилна/релјефна карта да ги препознава државите. | Океjанија – географски одлики<br><br>Регионални поделби и преглед по држави во Океанија | Маори<br><br>корални острови<br><br>Микронезија<br><br>Меланезија<br><br>Полинезија<br><br>Хавајски Острови<br><br>Малуна Леа | - Изработка на тактилен постерили извештај на Брајово писмо за стопанството на Австралија.<br><br>-Разгледување на тактилна/релјефна тематска карта за регионалната поделба на Австралија;<br><br>-Разгледување на тактилна/релјефна тематска карта за регионалната поделба на Океанија: Австралиски Сојуз, Кокосови Острови, Божиќни Острови, Норфолк, Нов Зеланд Меланезија: Папуа Нова Гвинеја, Соломонови Острови, Нова Каледонија, Вануату, Фиџи Микронезија: Гуам, Северни Марјански Острови, Микронезија, Палау, Маршалски Острови, Енен Киа, Науру, Кирибати Полинезија: Тонга, Западна Самоа, Источна Самоа, Тувалу, Волис и Фотуна, Токела, Кукови Острови, Ниуе, Француска Полинезија, Питкерн, Џонстоун, Мидвеи |

| ТЕМА VIII: ПОЛАРНИ ОБЛАСТИ – 3 часа ( 2+1) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Медоти и активности** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае по тактилен или аудио со местоположбата на Артикот и Антартикот;<br><br>- да знае да ги именува поимите Северен и Јужен Пол;<br><br>- да знае да даде осврт за географската положба на поларните области;<br><br>- да умее да направи споредба помеѓу Артик и Антартик;<br><br>- да ги препознае причните за појавата на екстремно студената поларна клима;<br><br>- да се запознае со растителниот и животинскиот свет на половите;<br><br>-да се оспособи да извлече заклучок за можностите за населување на поларните области. | Поларни области<br><br>Географски карактеристики на Арктик (Северен Пол )<br><br>Географски карактеристики на Антарктик (Јужен Пол ) | Арктик<br><br>ирвас<br><br>поларна мечка<br><br>игло<br><br>Ескими<br><br>Антарктик<br><br>Пингвини | - Користење на тактилна/релјефна физичка карта на Артикот Антарктикот и Светот;<br><br>-Користење на тактилна/релјефна географска карта за визуелно/ тактилно согледување на поларните области;<br><br>-Анализа на стопанска тактилна/релјефна карта за разместеноста и густината на стопанските гранки;<br><br>-Разгледување на слајдови, илустрации, аудио материјали , пишани материјали на Брајово писмо, прикази за експедициите на Артик и Антарктик. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| ТЕМА IX: ЕЛЕМЕНТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА– 8 **часа** ( 6+2) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспособи да ги препознава природните елементи на животната средина;<br><br>- да знае да ги наброи антропогените елементи на животната средина;<br><br>- да ги препознава облиците на загадување на животната средина,<br><br>-да ги препознава изворите на загадување;<br><br>- да препознава начини за заштита на природните компоненти на животната средина. | Природни елементи на животната средина (воздух, вода, почва, растителен и животински свет<br><br>Антропогени елементи на животната средина (население, населби, стопанство)<br><br>Загадување и заштита на животната средина<br><br>Загадување на воздухот<br><br>Загадување на водата<br><br>Загадување на земјиштето<br><br>Загадување на растителниот и животинскиот свет | деградација<br><br>заштита<br><br>загадување<br><br>филтри за заштита | -Набљудување и перцепирање со преостанатите сетила на природната средина со сите елементи.<br>-Изработка на колекција од различни видови почви.<br>-Опишување на растителниот и животинскиот свет од местото на живеење и примери од други области и континенти.<br>-Прибирање на податоци за демографски карактеристики на населението од Заводот за статистика и од Интернет со употреба на говорен звучен програм.<br>-Разгледување на тактилна/ релјефна тематски карти за стопанските гранки; земјоделие, индустрија, сообраќај, трговија и туризам.<br>-Прибирање на податоци од Интернет со употреба на говорен звучен програм и подготовка на аудио ЦД и постер за глобалното загревање и загадување на воздухот загадување и заштита на водите, почвите и растителниот и животинскиот свет.<br>-Почитување на Кјото договорот за спречување и заштита од глобалното загревање и последиците врз |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | животната средина. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниците треба самостојно да го планираат фондот на часовите за наставата по географија во зависност од динамиката во реализацијата на наставната програма. Исто така наставниците треба да направат селекција и систематизирање на основните факти и описи, а да избегнуваат оптоварување со непотребни факти, податоци и информации. Затоа се препорачува процесно-развојно планирање во наставата.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

-учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот слабовидните ученици го користат учебникот со помош на ТВ лупа (служи за зголемување на содржините), а за слепите ученици се изготвуваат наставните единици на Брајово писмо. ;

- енциклопедии, атлас ии друг материал подготвен на Брајово писмо или во зголемен и здебелен фонт за слабовидните ученици и сл.;
- интернет, образовни софтвери употребени во комбинација со говорен звучен програм;
- списанија и литература на Брајово писмо;
- аудио-визуелни и тактилни средства;
- рељефни/такитлни карти;
- светлосни глобуси.

Според возраста на учениците како најпродуктивно наставно средство е користењето на физичко-географската карта на Европа и Азија, потоа физичка карта на Светот, користење на политичко-територијана и стопанска карта на Европа и Азија, користење на тематски карти и илустрации, податоци добиени од Интернет, од Википедија, пребарувачот Гоогле Еартх, разни ЦД, пример Ен царта и сл.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво, без никаков проблем може да ја следаат наставната програма по географија за седмо одделение, она на што наставникот треба да обрне внимание е да користи специфичните наставни средства и помагала наменети за лицата со оштетен вид. Истиот треба да биде креативен во својата работа преку што успешно и соодветно би му ја пренел наставната материја на ученикот со оштетен вид. За учениците кај кои покрај оштетениот вид има и некој друг проблем, поради кој ученикот неможе во целост да ја совлада наставната материја, наставникот треба да примени индивидуален пристап, диференцирање на целите и задачите во наставната програма, дозирање на содржините како истите би соодветствувале на потребите и можностите на ученикот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Исто така, редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за напредувањето на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. Во наставата треба да се осмислуваат активности и за тестирање на постигањата на учениците по обработката на секоја наставна тема. Учениците се оценуваат со бројчана оценка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по географија за IX ( деветто) одделение за ученици со оштетен вид може да ја изведува лице кое завршило:

- студии по географија, наставна насока, 7/1 со соодветна дефектолошка дообразба;
- ПА или ВПШ, група историја и географија (кои веќе реализираат настава во основните училишта) со соодветна дефектолошка дообразба.

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по географија за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15167/1
22.09.2015 година

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ивица Гиевски, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор